ПИШУВА: ТОНИ ДИМКОВ
t.dimkov@globusmagazin.com.mk
ФОТО: ГОЦЕ СОЛЕВ

# „Диверзии“ на независната уметност



**ЕКИПА** Уметниците Оливер Мусовиќ и Христина Иваноска беа офицери на локалната канцеларија на Програмата во Скопје

Локалната канцеларија на Швајцарската програма за култура со осум настани што се реализираат од 23 октомври до 24 ноември ќе ги заврши своите активности во Македонија. Програмата за култура, позната и како „Про Хелветиа Скопје“, во поддржувањето на локалната култура во Македонија е присутна од 1999 година. Десетгодишниот јубилеј од отворањето го прослави со проектот со наслов „Диверзии - Независната култура и Швајцарската програма за култура во Македонија“. Потоа канцеларијата ќе биде затворена.

**ПРИДОНЕС** Во изминатите десет години Швајцарската програма за култура поддржуваше широк спектар на културни активности преку своите две главни програмски линии: Мали акции (краткорочна финансиска поддршка за поединци активности) и Кооперативни проекти (среднорочни проекти развиени во блиска соработка со локални партнерски организации). Посебни точки на интерес на Програмата беа децентрализацијата во културата, независната култура, мултикултурализмот и развојот на руралната култура. „Тоа што мислам дека го имаме како наследство од овие десет години е развојот на независната културна сцена. Мислам дека успеавме да создадеме мала, флексибилна и динамична независна сцена. Со кооперативните проекти ги создадовме првиот независен простор во Скопје (културниот центар 'Место'), потоа културниот центар 'Точка', мултимедијалниот центар во Тетово, домот на културата во Ростуше“, нагласи Оливер Мусовиќ.

**ПРОЕКТИ** За десет години активност Програмата поддржа околу 450 индивидуални и осум кооперативни проекти




**ФОРМИ** Програмата, исто така, помогна одредени уметнички форми, како современиот танц и документарната фотографија, да добијат поголема видливост, поширока поддршка и помогна кон воспоставувањето на првата инфраструктура неопходна за нивниот развој. „Локалната канцеларија се појави како странски донатор што финансира проекти во полето на современата култура и уметност. Со локалните партнери заеднички поминувавме низ еден развоен пат. И ние учевме од нив и тие од нас. Некои организации и индивидуалци навистина стануваа професионалци во однос на тоа како се осмислува, аплицира и реализира проект. Програмата ја даде и иницијативата за Балканската танцплатформа, со која заедно со партнери од регионот ја поддржавме 'Локомотива'. Посебен проект на Програмата беше 'Прес ту егзит процект спејс', каде фокусот беше не само развојот на локалната сцена, туку и да се направат регионални и интернационални контакти. Донесовме многу млади куратори од областа на теоријата и уметничката практика. Со тој проект сакавме да ја иницираме соработката, луѓето директно од овој локален контекст да научат што се случува, како се развива сцената и понатаму да се иницираат покомплексни проекти“, заклучи Христина Иваноска.

## ТЕАТАР

„Демонот од Дебар маало“, бидејќи меѓу мноштвото претстави што сум ги видел, оваа остави силен впечаток врз мене. Претставата жестоко говори за македонското секојдневие, за тоа што го гледам и што ми се случува, а што не можам да го изменам.



## ЦД



„Сесии“ на Кругер и Дорфмајстер. Од огромната колекција на секаква музика, тоа е единствениот албум на кој не му помина времето. Со него растев, пораснав и сè уште го слушам.

## ИНТЕРНЕТ

Без дилема, го препорачувам сајтот www.kniga.com.mk, бидејќи од таму ја остваруваме нашата мисија и ја шириме нашата љубов кон книгите низ целиот свет.



## Домашно кино

ПИШУВА: ИГОР АНЃЕЛКОВ

### Пророк

**(ФРА/ГЕР/АВС)**
UN PROPHETE (149 мин.)

**режија: Жак Одијар**
**улоги: Тахар Рахим, Нилс Ареструп, Реда Катеб**

Топла препорака да го погледнете главниот претендент за годинашниот „европски оскар“ со дури шест номинации, чиј исход ќе се знае ноќта на 12 декември на манифестацијата во Бохум, Германија. Жестоката сторија на Ж. Одијар својата фестивалска промоција ја имаше во Кан, а неодамна во него уживавме и на „Браќа Манаки“. Францускиот 'Малколм Икс' ни ја раскажува приказната за Малик, кој во затворот открива одлична можност за своја надградба, нешто што воопшто го немал во реалниот живот. И, да, ја зграбува шансата.




★★★★

### Серафина

**(ФРА/БЕЛ)**
SERAPHINE (121 мин.)

**режија: Мартин Провост**
**улоги: Јоланда Моро, Улрих Тукур, Ен Бенент**

Актерката Јоланда Моро, пак, е една од потенцијалните европски лауреати, бидејќи доби заслужена номинација за одлично доловениот живот на малку познатата француска сликарка од почетокот на 20. век, Серафина Луј. Иако преживува готвејќи и чистејќи, во слободно време од неа експлодира вистински уметник, кој во недостаток на финансии, користи чудни материјали за изразување на своите емоции. Серафина, благодарение на еден германски критичар, стекнува репутација во сликарските кругови, но, тажната судбина до крај ја остава во изолирана кутија.




★★★☆

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично